Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр. № 01-344/1
16. 03. 2023 20 год./viti.
Скопје - Shkup

# Деловник за измена на Деловникот за работа на Инспекцискиот совет бр. 01-1409/1 од 01.12.2022

Март, 2023

Врз основа на член 19, став 4 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 102/2019) и член 45 од Деловникот за работа на Инспекцискиот совет бр. 01-1409/1 од 01.12.2022 Инспекцискиот совет на седницата одржана на 16.03.2023 година, го донесе следниот

**Деловник за измена на Деловникот**
**за работа на Инспекцискиот совет**

**Член 1**

Во Деловник за работа на Инспекцискиот совет бр. 01-1409/1 од 01.12.2022 година членот 4 се менува и гласи:

“Советот има печат и штембили во согласност со Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“, бр. 7/2019), Законот за печатот на Република Македонија и печатите на државните органи во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија”, бр. 86/2008) и Правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи („Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 61/2019), и тоа:

- еден печат со облик на круг во чија средина е грбот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг се испишани зборовите: „Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut”, во вториот концентричен круг се испишани зборовите „ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ – KËSHILLI INSPEKTUES”„ додека над и под грбот е испишан зборот „Скопје – Shkup”. Печатот е со пречник од 40mm;

- еден штембил за влезните документи кој има правоаголна форма и големина од 65 x 40 mm. На горниот дел од штембилот се испишани зборовите „Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut“, под коишто се содржани зборовите: „ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES“ и под нив е испишан зборот: „Скопје– Shkup”. Долниот дел од штембилот е составен од два дела. Првиот дел се користи за запишување на датум на прием на писменото. Вториот дел е составен од четири колони, во првата се запишува организационата единица, втората служи за запишување на бројот на писменото, во третата се запишува бројот на примените прилози, а во четвртата вредност; и

- еден штембил за документите и актите што Инспекцискиот совет ги создава, со облик на правоаголник и големина од 65x40 mm. Штембилот ги содржат зборовите: „Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut“, под коишто се содржани зборовите: „ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES“, испишани хоризонтално, со празен простор под нив за впишување на број на актот „Бр.-Nr.“ и на датумот на неговото издавање, после којшто стои „год.-viti“ и под нив стои зборот: „Скопје– Shkup”.

Член 2

Овој Деловник влегува во сила и ќе се применува од денот на неговото донесување.

**Претседател на Инспекциски совет**
**Даниела Рендевска**